Република Северна Македонија
**СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

јули 2022 година

# Препораки до работодавачите во врска со услугите и активностите во делот на безбедност и здравје при работа

Почитувани работодавачи,

Овие кратки насоки, информации и препораки се наменети за Ваше информирање и полесно разбирање на обврските кои произлегуваат од **Законот за безбедност и здравје при работа (ЗБЗР)**, како и на елементите на кои треба да обрнете поголемо внимание за успешна имплементација на законските мерки кои треба да ги преземете и спроведете.

Напомена: Ова е само дел од обврските кои произлегуваат од законот и подзаконските акти од областа на безбедност и здравје при работа. Повеќе информации можете да најдете и на web-страната на Министерството за труд и социјална политика, на линкот наведен на крајот на документот.

## Услуги во делот на безбедност при работа

### Изјава за безбедност и проценка на ризик

Согласно ЗБЗР и важечките подзаконски прописи, Концептот на **изјавата за безбедност** го изработува правно лице, на кое му е издадена дозвола, т.е. овластување од Министерството за труд и социјална политика за вршење на стручни работи за безбедност при работа. Во изготвувањето на **проценката на ризик**, која е составен дел на изјавата за безбедност, учествуваат овластеното правно лице - со овластување за проценка на ризик, доктор по медицина на труд од овластена здравствена установа, назначеното стручно лице за безбедност при работа кај работодавачот и други определени лица, вработени кај работодавачот кои можат да дадат соодветен придонес кон подобар квалитет на извршената проценка на ризикот на работните места.

Проценката ја потпишуваат сите учесници, а изјавата за безбедност - овластеното лице кај работодавачот.

Работодавачот е должен детално да се запознае и внимателно да ги провери мерките кои се предложени во проценката на ризик/изјавата за безбедност за отстранување или намалување на ризиците, затоа што непреземените мерки наведени во овој документ можат да бидат основ дури и за кривични пријави за работодавачот.

При проценката на ризик може да се користи било која прифатена метода, со тоа што во Заклучокот мора да се потенцира кои се работни места со зголемен ризик, а кои не се со зголемен ризик.

## Стручно лице за безбедност при работа

Секој работодавач има обврска да назначи (едно или повеќе) стручни лица за безбедност при работа од редот на вработените или пак да ангажира надворешно овластено правно лице за услуги во делот на безбедност и здравје при работа.
Ангажирањето на овластеното правно лице не го ослободува работодавачот од неговата одговорност по однос на одредбите од законот кои тој треба да ги спроведе.

Ангажирањето е потребно да биде верификувано со договор во кој јасно ќе бидат прецизирани обврските на двете страни и обемот на услугите, бидејќи во случај на било каков спор по однос на БЗР, работодавачот во понатамошни постапки, согласно други закони кои ги уредуваат облигационите односи, може да побара обештетување од овластеното правно лице за неизвршени или нестручно извршени обврски.

**Листа** на правни субјекти кои добиле овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа: https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti-bzr-ns_article-bzr-subjekti-cel.nspx

## Обука на вработените за безбедност и здравје при работа

Обуките за безбедност и здравје при работа ги извршува овластено правно лице од страна на Министерството за труд и социјална политика, по претходно донесена програма која мора да соодветствува со опасностите и штетностите на кои се изложени вработените на работните места и проценетите ризици.

На секои три години се врши проверка на знаење на вработените кои работат на работни места со зголемени опасности и штетности, без разлика со каков ризик е оценето работното место. Во проценката на ризик пожелно е да се потенцира дали има потреба од проверка на знаењето и оспособеноста за БЗР на секои 3 години.

Програмата е важен дел за процесот на обука и треба да ги содржи сите опасности и штетности со кои се сретнува вработениот на работното место како и начинот и мерките кои треба да ги примени за да се избегнат повреди и професионални болести. Тоа значи дека обуката за БЗР мора задолжително да биде прилагодена на спецификите на конкретното работно место. Програмата за обука ја изготвува овластеното правно лице, по извршен увид на активностите и работните процеси кај работодавачот.
По извршената обука потребно е овластеното правно лице да достави документација со која се докажува дека лицето (вработениот) е обучено за безбедна работа.

## Преглед и испитување на опрема за работа

Опремата за работа се прегледува и испитува согласно акт (донесен од страна на работодавачот) за одржување и испитување на средствата за работа, во кои спаѓа и опремата. Кој ќе ја врши проверката и испитувањето, која опрема е предмет на испитување, како и во кои рокови, зависи од донесениот акт кој се базира на препораки од производителот, технички нормативи и стандарди и законските норми.

За секој преглед и испитување потребно е да се издаде соодветен документ или да се води посебна евиденција.

## Мерења на физички, хемиски, биолошки штетности и микроклима

Мерењата на микроклима се вршат во летен и зимски период (режим на ладење и греење) во рок од 1 година од денот на започнување со работа (отпочнување со користење на објектот) или по секоја промена  на технолошкиот процес, реконструкција на објектот и сл.
Другите штетности, се мерат во зависност од тоа дали постои извор на штетноста, односно ако има опрема која создава бучава се мери и бучава, ако нема - тогаш не е потребно мерењето.

Временскиот рок кога е потребно да се извршат повторни мерења на штетностите е утврден во ЗБЗР (Член 35).

Мерењата ги вршат овластени правни лица со соодветно овластување во однос на штетноста која се мери, односно ако на овластувањето е наведено „физички штетности“ и не се издвоени поединечно само некои одредени штетности, тогаш овластеното лице може да ги извршува мерењата на сите физички штетности, додека ако има потенцирано одредени штетности (пр. бучава, вибрации) истото има овластување за мерење само на тие наведени штетности.

Од извршените мерење мора да се достави соодветен документ. Потребно е да се провери дали има мерни места кои не ги задоволуваат бараните вредности и да се утврдат мерките кои треба да се преземат за надминување на состојбата.

# Услуги во делот на медицина на трудот

Основната догма на безбедноста и здравјето при работа е дека **само здравиот работник може да биде продуктивен**.

Имајќи за цел да се намали штетното влијанието на работната средина врз вработените, односно да се спречат повреди, професионални болести и болести во врска со работата, Законот за безбедност и здравје при работа и подзаконските прописи од оваа област предвидуваат превентивни мерки кои треба да ги спроведе секој работодавач. Законот предвидува дел од овие обврски да ги извршува **овластена здравствена установа по медицина на трудот**.

## Договор со овластена здравствена установа од областа на медицината на трудот

Секој работодавач мора да склучи договор со овластена здравствена установа по медицина на трудот.  Услугите кои ги вршат овие установи се дефинирани во членот 20 од ЗБЗР.

За подобро следење на здравствената состојба пожелно е во договорот да се внесат и обврски кои ќе го регулираат начинот на префрлање на здравствената документација од една во друга овластена здравствена установа за секој вработен, согласно Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените.

**Листа** на овластени јавни и приватни здравствени установи кои ја вршат дејноста медицина на трудот:    http://zdravstvo.gov.mk/ustanovi-medicina-na-trudot/

## Превентивни здравствени прегледи

За секој вработен работодавачот мора да организира и спроведе превентивен здравствен преглед. Превентивниот здравствен преглед може да биде:

- претходен
- периодичен
- насочен
- систематски

Роковите за извршување на прегледите се пропишани со Уредбата и зависат од оценетите ризици во проценката на ризикот на работното место.

При упатување на вработените на превентивни здравствени прегледи работодавачот пополнува **упат** чиј облик е пропишан во Уредбата. Овој упат може да го пополни стручното лице за безбедност при работа кај работодавачот, претставникот на вработените за БЗР или лице назначено од работодавачот, но не и самиот вработен.

Од овластената здравствена установа работодавачот треба да добие два посебни документи, односно обрасци (исто така пропишани во Уредбата) едниот за работодавачот, а другиот за секој вработен кому му е извршен здравствениот преглед. Примерокот за вработениот треба да биде во затворен плик и претставува строго доверлива информација која работодавачот треба да му ја предаде на вработениот.

## Учество во проценката на ризик на работното место

Специјалистот по медицина на трудот од овластената здравствен установа по медицина на трудот треба активно да биде вклучен во проценувањето на ризиците кај работодавачот, т.е. да биде дел од тимот кој директно, на лице место, учествува во утврдувањето на опасностите и штетностите и проценувањето на ризиците.

## Обука за давање на прва помош на вработените

Работодавачот треба да има обучени лица за давање на прва помош (согласно член 24 од ЗБЗР). Обуката на вработените за давање на прва помош се обезбедува од овластената здравствена установа по медицина на трудот, а Програмата за обука и самата обука треба да соодветствува на дејноста и ризиците кај работодавачот. За извршената обука овластената здравствена установа издава документ за секој обучен вработен.

## Инвалидност и професионални болести

Специјалистот по медицина на трудот од овластената здравствена установа мора да учествува во постапката на прераспоредување на ново работно место и/или доделување на работни задачи кај вработените кај кои е утврдена намалена работна способност, како и во процесот на утврдување и проучување на причините за настанок на инвалидност, професионални болести и повреди при работа.

**Повеќе информации (линк):**

https://www.mtsp.gov.mk/bezbednost-i-zdravje-pri-rabota.nspx